Приватна високообразовна установа
самостојна висока стручна школа
БРЕИНСТЕР НЕКСТ
Бр. 124-0206/2022
05.10 2022 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на членовите 28 и 112 од Законот за високо образование (Сл.весник на РМ бр.82/2018) и член 37 од Статутот на Приватна непрофитна високообразовна установа самостојна висока стручна школа БРЕИНСТЕР НЕКСТ Скопје (во натамошниот текст: Бреинстер Некст Скопје) Наставничкиот Совет на својата седма седница одржана на 05.10.2022 година го донесе следниот

# ПРАВИЛНИК
## за условите за запишување на прв циклус стручни студии на Бреинстер Некст Скопје

Член 1

Со Правилникот за условите за запишување на прв циклус стручни студии на Бреинстер Некст Скопје (во натамошниот текст: Правилник) се уредуваат условите за запишување и постапката за аплицирање на студиските програми на прв циклус студии на Бреинстер Некст Скопје.

### Општи услови за запишување
**Член 2**

На Бреинстер Некст Скопје може да се запишат државјани на Република Северна Македонија и странски државјани, кои ги исполнуваат посебните услови за запишување на Бреинстер Некст Скопје.

### Посебни услови за запишување
**Член 3**

На прв циклус студии на Бреинстер Некст Скопје може да се запише кандидат кој:

1. Има завршено четиригодишно образование во акредитирано средно училиште, верифицирано со акт на Министерството за образование и наука, или соодветна институција од странство, положило државна матура или меѓународна матура или кое завршило четиригодишно средно образование според прописите кои важеле пред воведувањето на државната матура
2. Има постигнато соодветен успех во средно образование, утврден со конкурсот и
3. Ги исполнува останатите критериуми утврдени со Законот за високото образование и конкурсот за запишување на студенти на прв циклус студии.

Кандидадтите кои средно образование завршиле надвор од РСМ, односно во странство, треба да доставата:

- Нострифицирана диплома односно решение/потврда за завршено средно образование издадена од Министерството за образование и наука или соодветната институција во странство, со кое се потврдува дека кандидадот ги исполнува

условите и може да се запише на прв циклус студии согласно одредбите од Законот за високо образование,

- Превод на официјален транскрипт односно свидетелства и диплома од овластен судски преведувач, нотарски заверени.

**Член 4**

Доколку Бреинстер Некст Скопје понуди можност за вонредно студирање, студенти со статус на вонредни студенти, покрај условите од член 3, треба да приложат доказ за заснован работен однос или лекарско уверение дека од оправдани причини не се во можност да се запишат како редовни студенти.

Правото на вонредно студирање се остварува се додека се исполнува условот за вонредно студирање.

Студентот е должен да го извести Бреинстер Некст Скопје за промена на околностите согласно кои го остварува правото на вонредно студирање, најдоцна во рок од 5 (пет) работни дена од денот на промена на околностите.

**Конкурс за запишување на студии**
**Член 5**

Запишувањето на студии се врши врз основа на конкурс, за чија содржина одлучува Наставничкиот совет на Бреинстер Некст Скопје.

Во конкурсот поконкретно се уредуваат одредбите за запишување на студенти на прв циклус студии.

Конкурсот за запишување на студии од ставот (1) на овој член содржи:

- име на високообразовната установа и негова адреса,
- назив на студиската програма,
- место на изведување на студиската програма,
- времетраење на студиите,
- услови за запишување,
- предвиден број на слободни места за запишување,
- постапки и рокови за пријавување и за изведување на запишувањето на студиите,
- потребни документи,
- висината на уписнината, школарината, условите и начинот на плаќање

Одлука за бројот на студенти кои ќе се запишат на прв цислус студии, услови и критериуми за рангирање и селекција на студенти за запишување на прв циклус стучни студии на студиските програми на Бреинстер Некст Скопје донесува Наставничкиот совет со претходна согласност од Органот на основачот.

**Апликација за студирање**

**Член 6**

Намерата за запишување на прв циклус студии на Бреинстер Некст Скопје се манифестира со поднесување на Апликација за студирање.

Апликацијата за студирање ги содржи следните податоци:

1. Лични податоци за кандидатот
   - Име, татково име и презиме
   - Дата, година и место на раѓање
   - Пол
   - Домашна адреса/ адреса на живеење
   - Телефон за контакт (согласност за службена комуникација)
   - Е-маил адреса
2. Студиска програма на која аплицира кандидатот
3. Академска година за која аплицира кандидатот
4. Назив на завршено средно училиште, град, општина

Покрај нотарски заверена копија од дипломата и уврението за завршено претходно образование, кон апликацијата се приложуваат сите останати докази со кои се потврдуваат информациите наведени во апликацијата ако е потребно, како и документи дополнително специфицирани во конкурсот (доколку се специфицирани).

**Член 7**

Апликацијата се поднесува во рокот утврден со конкурсот. Бреинстер Некст Скопје нема обврска да разгледува апликација доставена по рокот предвиден со конкурсот.

**Член 8**

Апликациите на студентите кои се запишале на Бреинстер Некст Скопје, се чуваат во нивните студентски досиеја.

**Останати одредби**

**Член 9**

При запишување на Бреинстер Некст Скопје, студентите склучуваат договор за студирање со Бреинстер Некст Скопје, со кој се уредуваат меѓусебните права и обврски.

**Член 10**

Одредбите од овој Правилник се применуваат на сите студиски програми на Бреинстер Некст Скопје. Овој Правилник стапува во сила со денот на негово донесување.

**Наставнички Совет**
**на Бреинстер Некст Скопје**
**Директор**
**М-р Анја Марија Макеска**

Приватна високообразовна самостојна висока стручна школа
БРЕИНСТЕР НЕКСТ
Скопје